Градоначалник

Република Северна Македонија
Општина Неготино

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НЕГОТИНО
ГРАДОНАЧАЛНИК
09-1152/7
07.07.2026 год.
НЕГОТИНО

Врз основа на член 50 став (1) точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), а во врска со реализацијата на проектот **„Еднаков пристап до здравствена заштита за постарата популација во прекуграничната област: соочување со предизвикот на деменцијата – ElderCare“**, финансиран од Европската Унија преку Интеррег ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција 2021–2027, во која Општина Неготино учествува како проектен партнер бр. 4, а врз основа на записникот бр. 09-1152/4 од 06.07.2026 година и записникот бр. 09-1152/5 од 07.07.2026 година од Комисијата за избор на корисници, Градоначалникот на Општина Неготино донесе

**ОДЛУКА**

**за избор на корисник на услугата домашна нега во рамките на проектот „Еднаков пристап до здравствена заштита за постарата популација во прекуграничната област: соочување со предизвикот на деменцијата – ElderCare“**

**Член 1**

За корисник на услугата домашна нега во рамките на проектот „Еднаков пристап до здравствена заштита за постарата популација во прекуграничната област: соочување со предизвикот на деменцијата – ElderCare“ се избира:

- **Ангелина Ганчева**.

**Член 2**

Избраниот корисник ќе биде вклучен во проектните активности и ќе ја користи услугата домашна нега согласно условите, критериумите и правилата утврдени во проектната документација и договорот за финансирање на проектот.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување и ќе биде објавена на веб-страницата на Општина Неготино.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

За потребите на реализацијата на проектот беше објавен јавен повик за избор на корисници на услугата домашна нега. По спроведената постапка, Комисијата формирана за таа намена изврши преглед и оцена на доставените пријави и документација и состави Записник за избор на корисници. Од увидот во доставената документација и извршената евалуација, Комисијата утврди дека кандидатот **Ангелина Ганчева** ги исполнува сите услови и критериуми утврдени со јавниот повик и проектната документација за вклучување како корисник на услугата домашна нега. Имајќи ги предвид наодите и предлогот на Комисијата, како и потребата од навремена и ефикасна реализација на проектните активности, Градоначалникот на Општина Неготино одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Градоначалник**
**Марија Нацева**

Изработил: Пепица Камчева
Одобрил: Елизабета Камчева